УРП.бр.83/2024

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: д-р Едита Насковска - претседател на советот, м-р Дитурије Елези Незири, Марта Телегравчиска, м-р Имсале Хасани и м-р Анета Џигерова -членови на советот, со записничар м-р Наташа Кузмановска - судски соработник, одлучувајќи по тужбата на тужителот Арбен Таравари од Гостивар кандидат за претседател на Претседателските избори 2024 година, поднесена преку овластен претставник Абедин Абдули од Тетово, против Решението на Државна Изборна Комисија на Република Северна Македонија УП1.бр.09-5 од 30.04.2024 година, за повреда на постапката за гласање, сумирање и утврдување на резултатите од гласањето на избирачко место 1112/1 во Општина Липково, по кандидатски листи од Претседателските избори 2024 година, по одржаната јавна расправа на ден 01.05.2024 година, во присуство на овластениот претставник на тужителот, Абедин Абдули од с.Пирок, Тетово и овластени претставници на тужениот орган, Тања Милошевска од Скопје и Ангелчо Ристов од Делчево, согласно член 150 од Изборниот законик, донесе и јавно ја објави следната:

## П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Арбен Таравари од Гостивар, кандидат за претседател за Претседателски избори 2024 година, изјавена против Решението на Државна изборна комисија на Република Северна Македонија УП1 09-5 од 30.04.2024 година, СЕ УВАЖУВА.

Решението на Државна Изборна Комисија на Република Северна Македонија УП1 09-5 од 30.04.2024 година, СЕ ПРЕИНАЧУВА И СЕ ОДЛУЧУВА:

Приговорот УП1 09-5 од 26.04.2024 година поднесен од Арбен Таравари од Гостивар, кандидат за претседател за Претседателски избори 2024 година, преку овластениот претставник Абидин Абдули од с.Пирок, Тетово за постапката за гласање, сумирање и утврдување на резултатите од гласањето на избирачко место 1112/1 во Општина Липково по кандидатски листи од Претседателските избори 2024 година, СЕ УВАЖУВА.

Резултатите од спроведеното гласање на избирачко место 1112/1 во Општина Липково по кандидатски листи од Претседателските избори 2024 година, СЕ ПОНИШТУВААТ.

## О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение на Државната изборна комисија на Република Северна Македонија, УП1.бр.09-5 од 30.04.2024 година, Приговорот за заштита на избирачко право на подносителите на листи со бр. УП1 09-5 од 26.04.2024 година, поднесен преку овластен претставник на подносителот на листа на кандидат за претседател Арбен Таравари од Гостивар, Абидин Абдули, предвидено во чл.148 ст.1 од Изборниот законик, се одбива.

Незадоволен од решението на Државната изборна комисија, тужителот, преку овластениот претставник Абедин Абдули од Тетово, поднесе тужба поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба, погрешна примена на материјалното право и непостапување според правилата на постапката. Во тужбата наведе дека две гласачки ливчиња недостигаат во изборниот материјал, дека по отворањето на довериливиот изборен материјал се увидело дека две гласачки ливчиња коишто биле откинати од кочанот недостигаат т.е. не биле пронајдени во изборниот материјал и ова упатува на тоа дека членовите на Избирачкиот одбор не ја извршиле својата работа согласно Изборниот законик и не покажале должно внимание при процесот на работата, а ДИК пропуштил да ја наведе оваа фактичка состојба во образложението на Решението УП1 БР 09-5 од 30.04.2024 година и воопшто не и дал значење. Наведе дека постои не совпаѓање на бројот на неважечки гласачки ливчиња, дека по увидот во доверливиот гласачки материјал и тоа по пребројување на гласачките ливчиња било утврдено дека нема две неважечки гласачки ливчиња како што тоа е наведено во дел IV од Записникот за гласање, сумирање и утврдување на резултати од Избирачката општина за Избирачкото место 1112/1 Општина Липково или таканаречен Образец 16а и дека се работи за грешка која може да е направена со намера или како резултат на непретпазливост, дека ваквото не совпаѓање е од круцијално значење за правилното одржување на избори, но ДИК и ова го игнорирала. Понатаму, наведе дека има несовпаѓање на бројот на добиени гласови, дека по увидот во доверливиот гласачки материјал и тоа по пребројување на гласачките ливчиња било утврдено дека бројот на добиени гласови нотиран во делот VII од Записникот за гласање, сумирање и утврдување на резултати од Избирачката општина за Избирачкото место 1112/1 или таканаречен Образец 16а е погрешен, односно за кандидатот Бујар Османи нотирано е дека има добиено 278 гласови, а се утврдило дека има 277 гласови, за кандидатот Арбен Таравари нотирано е дека има добиено 65 гласови, а се утврдило дека има 56 гласови. Наведе дека има недостиг на доверлив изборен материјал, дека по отворањето на пломбираната вреќа со доверлив изборен материјал било утврдено дека дневникот за евиденција на настани од избирачкото место недостигал. Понатаму наведе дека погрешно е утврден идентитетот на гласачите, дека по увидот во доверливиот гласачки материјал и тоа во делот IV од Записникот за гласање, сумирање и утврдување на резултати од Избирачката општина за Избирачкото место 1112/1 или таканаречен Образец 16а, дури 168 од гласачите гласале без читање на отпечатокот од прст, а само пола од вкупниот број на гласачи гласале со читање на отпечатокот од прст и дека ваквата фактичка состојба е во спротивност со одредбите од Изборниот законик, каде што е предвидено дека за да се пристапи кон користење на правото на глас мора да има совпаѓање отпечатокот од прсти со електронскиот избирачки список. Наведе дека очигледно е дека ДИК нецелосно и неточно ја утврдил фактичка состојба, а како резултат на тоа и погрешно ги применил одредбите на ИЗ, од причина што спротивно на членот 40 и 89 бил изгубен доверлив изборен материјал (гласачки ливчиња и дневник) и спротивно на членот 108-б било дозволено да се гласа без одземање на отпечаток од прст и на крај погрешно биле сумирани резултати од гласањето. Наведе дека ДИК горенаведените неправилности воопшто не ги земал предвид иако истите во потполност го консумираат членот 151, односно дека Избирачкиот одбор потфрлил да спроведе избори на начин на којшто налагаат горенаведените

членови, дека бројот на гласачките ливчиња во кутијата не се совпаѓале со бројот на гласачите што гласале и дека бројот на отпечатоците од прсти од гласачите кои гласале не се совпаѓале со бројот на гласачки ливчиња во гласачката кутија. Предложи, Судот да ја уважи тужбата, да го поништи оспореното решение и да го поништи гласањето за избирачкото место 1112/1 во Општина Липково и да се оди на повторно гласање на тоа гласачко место.

Тужениот орган ги достави списите по предметот со доказите и Одговор на тужба во кој наведе дека Државната изборна комисија на јавна седница, согласно член 148 став 3 од Изборниот законик изврши увид во изборниот гласачки материјал на ИМ бр.1112/1 во Липково и при увидот било констатирано дека има вкупно важечки гласачки ливчиња за кандидатот за претседател Арбен Таравари 56 гласови, за кандидатот за претседател Бујар Османи 277 гласови, за кандидатот за претседател Стево Пендаровски 1 глас, за кандидатот за претседател Максим Димитриевски 1 глас и за кандидатот за претседател Гордана Сиљановска Давкова 1 глас, а неважечки гласови нема. Наведе дека во Записникот било констатирано дека вкупниот број на неискористени гласачки ливчиња е 353 и вкупниот број на потписи во Изводот од Избирачкиот список и Посебниот извод од Избирачкиот список е 338 потписи од што произлегува дека има повеќе потписи во изводот и посебниот извод од избирачкиот список отколку гласачки ливчиња. Понатаму наведе дека согласно член 151 став 1 точка 5 од Изборниот законик, Државната изборна комисија по службена должност, или по поднесен приговор, со решение го поништува гласањето на гласачкото место во следните случаи - ако бројот на гласачките ливчиња во гласачката кутија е поголем од бројот на избирачите кои гласале, што во конкретното избирачко место тоа не е случај и истото не претставува основ за поништување на гласањето за избирачкото место број 1112/1 од Липково и повторување на гласањето на тоа избирачко место. Наведе дека согласно горенаведено, тужениот орган останува во целот на наводите од оспореното решение и предлага судот тужбата да ја одбие како неоснована, а оспореното решение да го потврди како правилно и законито.

Одговорот на тужбата даден од страна на тужениот орган, Судот заедно со поканата за јавна расправа уредно го достави до тужителот како би се запознал со содржината на истиот.

Судот на ден 01.05.2024 година одржа јавна расправа во присуство на овластен претставник на тужителот и овластени претставници на тужениот орган.

На одржаната јавна расправа, овластениот претставник на тужителот Арбен Таравари од Гостивар кандидат за претседател на Претседателските избори 2024 година, Абидин Абдули од с.Пирок, Тетово, истакна дека останува во се како во тужбата и тужбените наводи и дополни дека со фактот што при отварање на избирачката кутија се потврдило дека Претседателот на избирачкото место 1112/1 на одреден гласач му дал повеќе од едно избирачко ливче за гласање. Овој факт го потврдил и Претседателот на ДИК, со што се потврдило и нивното тврдење на денот на гласањето дека на тоа избирачко место како појава бил таканаречениот "бугарски воз на гласање" што го докажува и фактот што две ливчиња останале надвор затоа што немал на крај кој да ги внесе во избирачката кутија. Во прилог на наведеното истакна дека на

5 гласачки места во Општина Липково и тоа, на гласачкото место 1105 за кандидатот за претседател Бујар Османи гласале 204 гласачи, додека за претседателскиот кандидат Арбен Таравари 154. На изборното место 1106, 184 за Бујар Османи, 132 за Арбен Таравари, ИМ 1107, 32:32 и двајцата кандидати, ИМ 1109, 126 за Бујар Османи, а за Арбен Таравари 110, да на ИМ 1112/1 за претседателскиот кандидат Бујар Османи гласале 277 гласачи, додека за Арбен Таравари 56 гласачи. Од тука, јасно се гледа дека на наведените избирачки места, разликата поделено на секое избирачко место е од нерешено-изедначено па до максимални минус 50 гласови, додека разликата во предметното ИМ е 222 гласа, од каде јасно произлегува дека во ИМ на денот на изборите се гласало по т.н "бугарски воз на гласање". Согласно наведеното предложи судот тужбата да ја усвои, оспореното решение на ДИК под УП бр.09-5 од 30.04.2024 година да се поништи и да се поништи гласањето на ИМ 1112/1 во Општина Липково.

На одржаната јавна расправа овластениот претставник на Државна Изборна Комисија на Република Северна Македонија, Ангелчо Ристов наведе дека, ДИК останува во целост на донесената одлука во утуженото Решение УП 1 09-5 од 30.04.2024 година и на дадениот одговор на тужба. Имено, подносителот на приговорот до ДИК доставил приговор кој што се однесувал на постапката за сумирање на ИМ 1112/1 за Липково по кој ДИК постапил, извршил увид во целокупниот доверлив материјал и во Записникот бр.16 од наведеното ИМ, при што бил составен Записник од отварање на доверлив материјал, во кој што е нотирана целата фактичка состојба во однос на употребени и неупотребени гласачки ливчиња согласно увидот во материјалот и истиот Записник е доставен до Судот. Имајќи ја предвид фактичката состојба која е утврдена во доверливиот материјал, односно во конкретниот случај нема состојба да има повеќе гласачки ливчиња употребени во однос на запишани избирачи кои го оствариле правото на глас, факт е дека не бил исполнет условот од член 151 став 1 точка 5 од Изборниот законик, за да може тужениот орган да донесе поинаква одлука во однос на веќе донесената. Во однос на наводите на тужителот дадени на јавна расправа надвор од поднесената тужба, за истите не бил приложен било каков доказ и биле презентирани во вид на сценарио во кое биле спомнати дела поткуп, присила, за кои што го упати да достави соодветен поднесок до надлежната институција, бидејќи истите не се поврзани со конкретниот предмет и не придонесуваат до поинаква фактичка состојба во однос на веќе утврденото. Поради наведенто и од предложените докази јасно произлегувало дека Решението на Државна Изборна Комисија на Република Северна Македонија УП1.бр.09-5 од 30.04.2024 година е донесено правилно во согласно со член 151 став 1 точка 5 од ИЗ, поради што му предложи на Судот тужбата на тужителот да ја одбие како несонована, а оспореното Решение да го потврди како правилно и законито. Со решение на јавната расправа, Судот Предлогот на тужителот да се изврши увид во доверлив изборен материјал за Избирачко место 1112/1 Општина Липково за листи на кандидати за избор на Претседател на Република Северна Македонија 2024 година прв круг, ја уважува и се дозволува увид, и тоа во: Извештај од уредот за биометриска идентификација на гласачите за Избирачко место 1112/1 Општина Липково, за листи на кандидати за избор на Претседател на Република Северна Македонија прв круг Избирачки список на избирачко место бр.1112/1 Липково, Блок со гласачки ливчиња според Извод од избирачкиот список (кочан) за Избирачко место 1112/1 Општина Липково,

потпишан избирачки список за гласачко место, за Избирачко место 1112/1 Општина Липково, посебен извод од избирачки список за граѓани кои се на привремена работа или престој во странство за Избирачко место 1112/1 Општина Липково, дневник за евиденција на настани за ИМ 1112/1 Липково употребени, искористени важечки и неважечки гласачки ливчиња за ИМ бр.1112/1 Липково, за листи на кандидати за избор на Претседател на Република Северна Македонија 2024 година прв круг. Со истото решение под став 2 Судот Предлогот на тужителот да се сослушаат сведоците Нeџат Емини во својство на член на избирачкиот одбор и Милазим Шерифи во својство на набљудувач, го одби како неоснован од причина што истиот е ирелевантен.

Во доказна постапка, Судот најпрво пристапи кон отварање на доверливиот изборен материјал за избирачко место 1112/1 Општина Липково и изврши попис на истиот. Се констатира дека на вреќата е залепена лента со двојазична назнака на македонски и албански јазик со следниот текст: Општинска изборна комисија на ИМ 1112/1 број на избирачко место 1112/1, доверлив материјал за изборите за претседател на Република Северна Македонија (прв изборен круг). Се отвари пластична проѕирна вреќа, која беше затворена со сигурносна пломба со сер.бр.ДИК 591759, се исече пломбата и се констатира дека во вреќата има употребени искористени гласачки ливчиња за ИМ бр.1112/1, Општина Липково поделени на 6 дела и истите не се запечатени во пликови, Блок со гласачки ливчиња неискористени за ИМ 1112/1 за Општина Липково според Извод од избирачкиот список (кочан) за Избирачко место 1112/1 Општина Липково за Претседателски избори 2024 година, потпишан Извод од избирачки список за гласачко место, за Избирачко место 1112/1 Општина Липково, посебен Извод од избирачки список за граѓани кои се на привремена работа или престој во странство за Избирачко место 1112/1 Општина Липково за Претседателски избори 2024 година и во вреќата има и искористена пломба со сер.бр.ДИК 595598 (искористена од страна на тужениот орган при отварање на доверливиот избирачки материјал). Се пристапи кон проверка и броење на употребените гласачки ливчиња за Избирачко место 1112/1 Општина Липково, при што се утврди во првиот дел има вкупно 56 гласачки ливчиња, во вториот дел има вкупно 5 гласачки ливчиња, во третиот дел има вкупно 75 гласачки ливчиња, во четвртиот дел има вкупно 50 гласачки ливчиња, во петтиот дел има вкупно 60 гласачки ливчиња, во шестиот дел има вкупно 90 гласачки ливчиња, вкупно 336 гласачки ливчиња. Во Посебниот извод од избирачки список за граѓани кои се на привремена работа или престој во странство за Избирачко место 1112/1 Општина Липково за Претседателски избори 2024 прв круг има вкупно 4 потписи на гласачи и Извод од избирачки список за гласачко место за Избирачко место 1112/1 Општина Липково Претседателски избори 2024 прв круг има потпишано вкупно 338 потписи на гласачи, Кочан за Избирачко место 1112/1 Општина Липково за Претседателски избори 2024 година, со нумерација од 001061576 до 001062266, се утврди дека првото неискористено гласачко ливче е со сер.бр.1061914, а последното неискористено гласачко ливче е со сер.бр.1062266. По истиот редослед како што е отворена вреќата, се вратија погоре цитираните докази како и употребените пломби со сер.бр.ДИК 595598 и сер.бр. ДИК 591759 и вреќата се затвори со нова сигурносна пломба со сер.бр.0088580. Понатаму се изврши увид и се изведоа и останатите докази приложени кон тужба и тоа оспорено Решение, Одговор на тужба од тужениот орган УП1 09 - 5 од 30.04.2024 година, доставена Тужба во оригинал УП1 09 - 5 од 30.04.2024 година, во 17:30

часот со прилог копија од Образец бр.16а од Записникот за гласање, сумирање и утврдување на резултати од ИО за ИМ 1112/1 Липково за Претседател на РСМ, поднесени од подносителот, Оригинал полномошно од овластен претставник на кандидат за Претседател Арбен Таравари, Извадок од електронска пошта со која се доставува Решение бр. Уп1 09 - 5 од 30.04.2024 година со час на достава, Оригинал Решение бр. Уп1 09 - 5 од 30.04.2024 година, донесено од страна на Државната изборна комисија (во два примероци), Оригинал Издвоено мислење на одлука од член на Државната изборна комисија Абдуш Демири бр.08-1776/2 од 29.04.2024 година, Оригинал Записник за гласање, сумирање и утврдување на резултати од ИО за ИМ 1112/1 на Претседател на РСМ - Образец бр. 16а, Оригинал Записник за сумирање на резултатите од гласањето на ниво на Општина Липково за избор на Претседател на Република Северна Македонија - Образец бр.21 а, Записник за отворање на изборен материјал на 99та Седница на Државна изборна комисија за гласањето на ИМ 1112/1 Општина Липково за листи на кандидати за избор на Претседател на Република Северна Македонија, Оригинал Приговор за заштита на избирачко право на подносител на листа Арбен Таравари, Потврда за уредно примена покана доставена по електронски пат од страна на тужен орган и Ургенција за барање на достава за извештај од уредот за биометриска идентификација на гласачите за ИМ 1112/1 Општина Липково за листи на кандидати за избор на Претседател на Република Северна Македонија за 2024 година (прв круг).

Врз основа на наводите во тужбата, одговорот на тужба, списите во предметот, како и со увид во доверливиот избирачки материјал, а притоа имајќи ги во предвид и наводите на одржаната јавна расправа и доказите изведени на истата, Судот најде дека:

Тужбата е основана.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека тужителот преку овластениот претставник Абидин Абдули на ден 26.04.2024 година во 14:00 часот, до тужениот орган Државна изборна комисија на Република Северна Македонија согласно член 148 од Изборниот Законик поднел Приговор за заштита на избирачко право на подносителите на листи за иабирачко место 1112/1 Општина Липково, заведен кај органот под Уп1.бр.09-5 од 26.04.2024 година. Во Приговорот навел дека на избирачкото место број 1112/1 во Липково, членот на избирачкиот совет Алисан Рамани му дал две гласачки ливчиња на едно лице, за што членот на избирачкиот одбор Неџат Емини го пријавил, но неговиот приговор не бил земен во предвид и му била упатена закана да го напушти избирачкото место. Во приговорт навел дека на конкретната реакција укажал дека е спротивна на член 103 од Изборниот законик бидејќи членовите на избирачкиот одбор се рамноправни и никој нема право да исклучи друг од избирачки одбор, а уште повеќе да упати закани по живот. Понатаму, во приговорот навел дека претседателот на избирачкото место спротивно на член 116 став 3 од Изборниот законик одбил да ги запише во записникот забелешките на членот Неџат Емини и набљудувачот Милазим Шерифи. Навел дека опозицијата немала претставник во конкретното избирачко место од 15:45 часот бидејќи се заканувале на членот на коалицијата и набљудувачите. Поради наведеното побарал Државната изборна комисија, согласно член 151 став 1 да провери дали полицијата одговорила на барањето

за интервенција од страна на избирачкиот одбор поради тоа што имало потреба од таква интервенција, дали бројот на гласачките ливчиња во гласачката кутија е поголем од бројот на избирачите кои гласале, како и дали бројот на отпечатоците од прсти од гласачите кои гласале се совпаѓа со бројот на гласачките ливчиња во гласачката кутија.

Постапувајќи по приговорот, Државната изборна комисија согласно член 148 став 3 и член 151 став 1 точка 5 од Изборниот законик и Упатството за начинот и постапката за решавање на приговори на јавна седница одржана на ден 29.04.2024 година во 13.00 часот, го одбил Приговорот УП1 09-5 од 26.04.2024 година, поднесен од Арбен Таравари од Гостивар, кандидат за претседател за Претседателски избори 2024 година, преку овластениот претставник Абидин Абдули од с.Пирок, Тетово за постапката за гласање, сумирање и утврдување на резултатите од гласањето на избирачко место 1112/1 во Општина Липково по кандидатски листи од Претседателските избори 2024 година, со образложение дека од извршен увид во Записник број 16а на ИМ 1112/1 во Липково, утврдила дека во дел 9 забелешки за постапката за сумирање и утврдување на резултати овластениот претставник на подносителот на листата има наведено забелешка и тоа: “Малку пред 16 часот е прекинато гласањето во ИМ 1112/1 поради гласањето, поточно членот на комисијата Алекс Физи е фатен со повеќе гласачки ливчиња како му ги дава на еден гласач". Следствено на наведеното, Државната изборна комисија согласно член 148 став 3 од Изборниот законик и Согласно член 30 став 1 точка 1 и точка 7 од Упатството за начинот и постапката за решавање на приговори во надлежност на Државна изборна комисија, извршила увид во гласачкиот материјал на ИМ 1112/1 во Липково за што бил составен Записник за отворање на изборен материјал. Имено од увидот во доверливиот изборен материјал на ИМ бр.1112/1 во Липково за Изборите за претседател на Република Северна Македонија, Државната изборна комисија констатирала дека има вкупно важечки гласачки ливчиња за кандидатот за претседател Арбен Таравари 56 гласови, за кандидатот за претседател Бујар Османи 277 гласови, за кандидатот за претседател Стево Пендаровски 1 глас, за кандидатот за претседател Максим Димитриевски 1 глас и за кандидатот за претседател Гордана Сиљановска Давкова 1 глас, а неважечки нема. Воедно било констатирано дека вкупниот број на неискористени гласачки ливчиња бил 353 и вкупниот број на потписи во изводот и посебниот извод од избирачкиот список е 338 потписи. Од наведеното произлегло дека има повеќе потписи во изводот и посебниот извод од избирачкиот список отколку гласачки ливчиња, по што следувало Државната изборна комисија да го донесе сега оспореното Решение број Уп1 09-5 од 30.04.2024 година, со кое приговорот за заштита на избирачко право на подносителите на листи со бр. УП1 09-5 од 26.04.2024 година, поднесен преку овластениот претставник на подносителот на листа на кандидат за претседател Арбен Таравари, Абидин Абдули, е одбиен согласно член 151 став 1 точка 5 од Изборниот законик.

Оценувајќи ја законитоста на оспореното Решение, Судот најде дека тужениот орган сторил суштествена повреда на постапката, погрешно и нецелосно ја утврдил фактичката состојба, што довело до погрешна примена на материјалното право на штета на тужителот.

Согласно член 31 став 2 точка 35 од Изборниот законик, („Службен весник на РМ“ бр.40/2006, 136/2008, 148/2008,155/2008,163/2008, 44/2011, 51/2011,142/2012, 31/2013,34/2013,14/2014, 30/2014, 196/2015, 35/2016, 97/2016, 99/2016, 136/2016,142/2016, 67/2017, 125/2017, 038/2018, 99/2018,140/2018, 208/2018, 27/2019 и „Службен весник на РСМ“ бр.98/2019, 42/2020, 74/2021, 215/2021, 58/24 и 76/24), Државната изборна комисија: одлучува по приговори врз основа на увид во изборниот материјал и други докази.

Согласно член 40 став 1 точка 6 од истиот законик, Избирачкиот одбор изготвува извештај и води дневник за својата работа и ги доставува до општинската изборна комисија односно Изборната комисија на градот Скопје.

Согласно член 89 од истиот Законик, изборниот материјал за спроведување на изборите се состои од кутии за гласање и паравани, обрасци на записници и дневник за работа на избирачкиот одбор, блок со гласачки ливчиња според изводот од Избирачкиот список, листи на кандидати, потпишан извод од Избирачкиот список, техничка опрема, средства за обележување на лицата кои гласале (спреј и УВ ламба), графитно перниче, печати, упатство за гласање и - друг материјал потребен за гласање.

Согласно член 102 став 3 од истиот Законик, Полицијата го обезбедува избирачкиот одбор до предавање на записникот и изборниот материјал на општинската изборна комисија односно Изборната комисија на градот Скопје, ако е тоа побарано од страна на избирачкиот одбор.

Согласно член 103 став 1 од истиот Законик, Избирачкиот одбор се грижи за одржување на редот и мирот на гласачкото место.Согласно став 2 од истиот член, Избирачкиот одбор може да го отстрани секое лице кое го нарушува редот и мирот на гласачкото место.Согласно став 3 од истиот член, Објектот во кој е сместено гласачкото место и приодот до него за време на спроведување на гласањето го обезбедува полиција.

Согласно член 108-а став 1 од истиот Законик, Избирачите пристапуваат да гласаат еден по еден. Согласно став 2 од истиот член, кога избирачот пристапува да гласа, избирачкиот одбор го проверува неговиот личен идентитет. Личниот идентитет избирачот го докажува со важечка лична карта или важечка патна исправа и со отпечаток од прсти. Согласно став 3 од истиот член, Избирачот не може да гласа доколку нема важечка лична карта или важечка патна исправа освен доколку важноста на личните документи истекла во периодот од распишување до одржување на изборите или доколку отпечатокот од прсти не се совпаѓа со отпечатокот од прсти во електронскиот избирачки список, иако истиот го има во Избирачкиот список. Согласно став 4 од истиот член, Избирачкиот одбор преку податоците од важечка лична карта или важечка патна исправа и со отчитување на отпечатоци од прсти кој треба да се совпаѓа со отпечатокот од прст на гласачот во електронскиот избирачки список за соодветното избирачко место во техничката опрема го потврдува идентитетот и врши проверка дали гласачот нема претходно гласано. Согласно ставот 5 Потврдувањето на идентитетот и проверката дали гласачот нема претходно гласано се врши на начин што од гласачот се зема отпечаток од показалецот од десната рака. Доколку нема десен показалец се зема отпечаток од показалецот од левата рака. Доколку му недостасуваат овие два прста се

зема отпечаток од наредниот прст и истото се евидентира во дневникот за евиденција на настани. Доколку лицето нема две раце избирачкиот одбор ја констатира состојбата со евидентирање во дневникот за евиденција на настани и во тој случај чекорот за вметнување отпечаток од прст се изоставува и гласачот се внесува во техничката опрема со пребарување преку неговиот единствен матичен број (ЕМБГ). Согласно став 6 по исклучок од ставот (3) на овој член, доколку техничката опрема не може да најде совпаѓање на отпечатокот од прсти со отпечатокот од прсти на гласачот во електронскиот избирачки список, а избирачкиот одбор може да го утврди личниот идентитет на гласачот преку важечка лична карта или важечка патна исправа и утврди дека гласачот нема претходно гласано преку потписите во избирачкиот список, во тој случај гласачот се внесува во техничката опрема со пребарување преку неговиот единствен матичен број (ЕМБГ) и му се зема отпечаток од прст со цел заштита на избирачкото право и избирачкиот одбор ја констатира состојбата со евидентирање во дневникот за евиденција на настани.

Согласно член 116 став 1 од истиот Законик, Избирачкиот одбор во записникот за гласање ги внесува следниве податоци: редниот број на избирачкото место; бројот на решението за формирање на избирачкиот одбор; времето на започнувањето и завршувањето на гласањето; вкупниот број на избирачи во избирачкото место според изводот од Избирачкиот список; вкупниот број на избирачи кои гласале; вкупниот број на болни и немоќни лица кои гласале, вкупниот број на гласачки ливчиња ставени во гласачката кутија; вкупниот број на гласачки ливчиња што не се употребени и вкупниот број на неважечки гласачки ливчиња и вкупниот број гласови кои ги добила секоја листа на кандидати одделно и други податоци согласно со овој законик. Согласно став 2 од истиот член, Записникот содржи посебен табеларен дел за сумирањето и утврдувањето на резултатите од избирачкото место. Согласно став 3 од истиот член, Во записникот се внесуваат и забелешки дадени од членовите на избирачкиот одбор или овластените претставници на подносителите на листи во однос на евентуални конкретни неправилности во текот на гласањето и утврдување на резултатите, кои треба да бидат конкретно опишани.

Согласно член 147-а од истиот Законик, Државната изборна комисија по поднесени приговори одлучува со решение со кое приговорот може да го отфрли, одбие или усвои. Согласно став 2 Решението со кое се одлучува мора да биде образложено по однос на сите наводи од приговорот.Согласно став 3 Приговорот се отфрла доколку е ненавремен, недозволен, неуредно поднесен, поднесен од неовластен подносител.Согласно став 4 Решението со кое приговорот се отфрла се носи во рок од 24 часа.

Согласно член 150 од истиот Законик, Управниот суд по тужбите од членовите 148, 149 и 149 –а на овој Законик расправа и одлучува во совет од петмина судии избрани по пат на ждрепка, на јавна седница за која ја информира јавноста, Државната изборна комисија и Службен весник на Република Северна Македонија Редакциски пречистени текстови овластените претставници по чии тужби се одлучува. Во случај на отворање на изборниот материјал во постапката по тужба истиот задолжително се отвора, разгледува и затвора на самата јавна седница. Согласно став 2 Управниот суд е должен да донесе одлука во роковите предвидени со овој закон по приемот на тужбата. по

завршувањето на јавната расправа управниот суд е должен во рок од два часа јавно да ја соопшти изреката на одлуката. Судот е должен да ја објави одлуката на својата веб страница во рок од 24 часа од моментот на објавувањето на изреката. Објавените одлуки ќе го содржат и начинот на гласање на секој судија поединечно. Согласно став 3 Управниот суд може да ја потврди или преиначи одлуката. Согласно став 4 Одлуките по приговор и тужба со самото донесување се објавуваат на интернет страницата на Управниот суд, Државната изборна комисија, градската изборна комисија и општинската изборна комисија и на друг соодветен начин.

Согласно член 151 став 1 од истиот Законик, Државната изборна комисија по службена должност, или по поднесен приговор, со решение го поништува гласањето на гласачкото место во следниве случаи, ако: избирачкиот одбор не го спроведува гласањето на начин утврден со овој законик, а неправилностите влијаеле на постапката за гласање или постапката за сумирање и утврдување на резултатите, е нарушена тајноста на гласањето, гласањето било прекинато подолго од 3 часа, полицијата не одговорила на барањето за интервенција од страна на избирачкиот одбор, а за тоа имало потреба и влијаело врз спроведувањето на гласањето на избирачкото место, бројот на гласачките ливчиња во гласачката кутија е поголем од бројот на избирачите што гласале, бројот на отпечатоците од прсти од гласачите кои гласале не се совпаѓа со бројот на гласачки ливчиња во гласачката кутија и некое лице или лица гласале за други лица. Согласно став 2 Државната изборна комисија во случаите од ставот (1) алинеи 1, 2, 5, 6 и 7 на овој член, при одлучување по приговори ако фактите на кои се упатува во нив се внесени во записникот, е должна да изврши увид во целокупниот изборен материјал. Согласно став 3 Државната изборна комисија со решение ќе го повтори гласањето на гласачките места во случаите од ставот (1) на овој член каде што гласањето е поништено само ако вкупниот број на запишани избирачи на тие избирачки места на ниво на изборна единица, град, односно општина влијае врз вкупните резултати. Согласно став 4 Против решението од ставовите (1) и (2) на овој член може, во рок од 24 часа од приемот на решението, да се поднесе тужба до Управниот суд преку Државната изборна комисија. Согласно став 5 Одлуката на Државната изборна комисија со која е поништено гласање на гласачко место се објавува на интернет страната на Државната изборна комисија и веднаш се доставува до секој подносител на листа на изборите. Согласно став 6 Против одлуката на Државната изборна комисија со која е поништено гласање на гласачко место, тужба до Управниот суд може да поднесе секој подносител на листа кој има правен интерес во рок од 24 од приемот на решението. Согласно став 7 Управниот суд е должен да постапи по тужбата во рок од 48 часа по нејзиниот прием. Согласно став 8 Гласањето на гласачкото место кое е поништено ќе се повтори по 14 дена од денот на гласањето.

Во конкретниот случај, согласно наведеното како и цитираните законски одредби, Судот најде дека тужениот орган со донесувањето на оспореното Решение УП1.бр.09-5 од 30.04.2024 година, сторил повреда на одредбите од Изборниот законик, кога го одбил Приговорот за заштита на избирачко право на подносителите на листи со бр. УП1 09-5 од 26.04.2024 година, поднесен преку овластен претставник на подносителот на листа на кандидат за претседател Арбен Таравари од Гостивар, Абидин Абдули, согласно чл.148 ст.1

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

од Изборниот законик. Имено, Судот утврди дека тужениот орган сторил повреда на член 147-а став 2 од Законикот, од причина што во Приговорот се бара поништување на гласањето на предметното избирачко место поради сторени повреди согласно член 151 став 1 алинеи 4, 5 и 6 од Изборниот законик, а во оспореното Решение, тужениот орган иако ги навел сите наводи во приговорот, одлучил само за повредата сторена согласно член 151 став 1 алинеја 5 од Законикот, а не одлучувал, ниту пак се произнел по однос на останатите наводи во Приговорот за сторени повреди согласно член 151 став 1 алинеи 4 и 6, иако бил должен да го стори истото.

Имено од извршениот увид во списите на предметот и од увидот од доверливиот изборен материјал, Судот утврди дека на ИМ 1112/1 Општина Липково во Записникот за гласање, сумирање и утврдување на резултати Образец 16 а, во делот IX е внесена забелешка која е потпишана од Претседателот на избирачкиот одбор, во која е наведено дека на ден 24.04.2024 година, „малку пред 16 часот било прекинато гласањето на ИМ 1112/1 од причина што членот на комисијата Алекс Физи е фатен со повеќе гласачки ливчиња како му ги дава на еден гласач“. Бидејќи, во предметниот Приговор, меѓу другото се бара поништување на гласањето на предметното ИМ и согласно член 151 став 1 алинеја 6 од ИЗ, со цел да се утврди правилно фактичката состојба, Судот го задолжи тужениот орган со Барање УРП.бр.83/2024 од 01.05.2024 година, да се достави на увид Извештајот од Уредот за биометриска идентификација на гласачите за ИМ 1112/1 Општина Липково, кој не беше доставен до Судот. На прашање на јавната расправа за причините за недоставувањето на наведениот доказ, овластениот претставник на тужениот орган изјави дека изводи од УБИГ апаратот во доверливиот материјал од денот на гласање немало, а тужениот орган немал техничка можност да прибави дупликат од тој уред за конкретното гласачко место, а поради кои причини нема слипови во доверливиот избирачки материјал, не им е познато. Имајќи го во предвид наведеното, Судот на јавната расправа изврши увид во доверливиот изборен материјал, и тоа на употребените гласачки ливчиња за Избирачко место 1112/1 Општина Липково, Посебниот извод од избирачки список за граѓани кои се на привремена работа или престој во странство и во Изводот од избирачки список двата за гласачко место 1112/1 Општина Липково Претседателски избори 2024 прв круг, а притоа имајќи го во предвид член 108-а ИЗ, согласно кој избирачот неможе да гласа, меѓу другото и доколку нема отпечаток од прст, Судот констатира дека има вкупно 336 употребени гласачки ливчиња, а согласно Посебниот извод од избирачки список и Изводот од избирачки список за предметното гласачко место има вкупно 338 гласачи, од каде неспорно произлегува дека бројот на отпечатоците од прсти од гласачите кои гласале не се совпаѓа со бројот на гласачки ливчиња во гласачката кутија, што претставува повреда на член 151 став 1 алинеја 6 од ИЗ, што е случај во конкретниот предмет, односно бројот на отпечатоците од прсти од гласачите кои гласале не се совпаѓа со бројот на гласачки ливчиња во гласачката кутија, а истото претставува основ за поништување на гласањето.

По однос на наводите дали полиција одговорила на барањето за интервенција за прекин на гласањето од страна на избирачкиот одбор, Судот укажува дека со оглед на фактот што од увидот во доверливиот избирачки материјал се утврди дека во истиот недостасува Дневник на евиденција на настани, па Судот неможе да ја цени основаноста на истите.

Судот ги прифати како основани наводите во оспореното Решение дека тоа што во конкретниот случај има повеќе запишани избирачи, отколку гласачки ливчиња во гласачката кутија, не е основ за поништување на гласањето согласно член 151 став 1 алинеја 5 од Изборниот законик, меѓутоа, од претходно наведеното, имајки предвид дека Судот во конкретниот случај, утврди повреда на член 147-а став 2 од страна на тужениот орган, како и повреда согласно член 151 став 1 алинеја 6 од Изборниот законик, одлучи како во диспозитивот на оваа Пресуда.

Имајќи го предвид наведеното, Судот едногласно одлучи како во изреката од оваа одлука, согласно член 150 став 4 од Изборниот законик.

Пресудено во Управниот Суд на ден 01.05.2024 година под УРП.бр.83/2024.

Записничар - судски соработник
м-р Наташа Кузмановска

Претседател на совет - Судија
д-р Едита Насковска

Пресудата да се достави на:
- тужителот
- Државната изборна комисија

.

Претседател на совет - Судија
д-р Едита Насковска

Согласноста со изворникот ја потврдува
Судски службеник

НК/